
# Упатство за инсталирање




## Подно-парапетна сплит клима уред



**CVXM20C2V1B**
**FVXM25C2V1B**
**FVXM35C2V1B**
**FVXM50C2V1B**

Упатство за инсталирање
Подно-парапетна сплит клима уред

**македонски**

# Содржина


**1 За документацијата 2**
- 1.1 Шифра на производ ... 2
- 1.2 За овој документ ... 2

**2 Специфични безбедносни упатства за инсталатер 3**

**3 За кутијата 4**
- 3.1 Внатрешна единица ... 4
  - 3.1.1 Да ги извадите додатоците од внатрешната единица ... 4

**4 За единицата 4**
- 4.1 Приказ на систем ... 4
- 4.2 Опсег на работење ... 4
- 4.3 За безжичната ЛАН ... 4
  - 4.3.1 Предупредувања кога се користи безжичниот LAN ... 5
  - 4.3.2 Основни параметри ... 5

**5 Инсталирање на единицата 5**
- 5.1 Подготовка на локацијата за инсталација ... 5
  - 5.1.1 Барања кои треба да ги исполни локацијата за инсталација на внатрешна единица ... 5
- 5.2 Монтирање на внатрешната единица ... 6
  - 5.2.1 Да ја инсталирате внатрешната единица ... 6
  - 5.2.2 Да издупчите отвор во ѕид ... 9
  - 5.2.3 Да ги извадите засечените делови ... 9
- 5.3 Поврзување на цевководот за одвод ... 9
  - 5.3.1 Општи упатства ... 9
  - 5.3.2 Да го поврзете цевководот за одвод на внатрешната единица ... 10
  - 5.3.3 Да проверите за истекувања на вода ... 10

**6 Инсталирање на цевковод 10**
- 6.1 Подготвување цевковод за разладно средство ... 10
  - 6.1.1 Барања за цевковод за разладно средство ... 10
  - 6.1.2 Изолација на цевките со разладно средство ... 11
- 6.2 Поврзување на цевководот со разладно средство ... 11
  - 6.2.1 Да го поврзете цевководот за разладно средство со внатрешната единица ... 11

**7 Електрична инсталација 11**
- 7.1 Спецификации на компоненти за стандардно вжичување ... 12
- 7.2 Да го поврзете електричното вжичување со внатрешната единица ... 12
- 7.3 Да поврзете опционални додатоци (жичен кориснички интерфејс, централен кориснички интерфејс, безжичен адаптер и сл.) ... 12

**8 Завршување на инсталирањето на внатрешната единица 12**
- 8.1 Да го завршите инсталирањето на внатрешната единица ... 12

**9 Конфигурација 13**
- 9.1 Контакт за Вклучување/Исклучување ... 13
  - 9.1.1 Да поставите Контакт за Вклучување/Исклучување ... 13

**10 Пуштање во погон 14**
- 10.1 Да извршите пробно вклучување ... 14
  - 10.1.1 Да извршите пробно вклучување со користење на безжичниот далечински управувач ... 14

**11 Фрлање 14**

**12 Технички податоци 14**
- 12.1 Дијаграм за вжичување ... 14
  - 12.1.1 Легенда за унифициран дијаграм за вжичување ... 14


# 1 За документацијата

## 1.1 Шифра на производ

CVXM20C, FVXM25C, FVXM35C, FVXM50C

## 1.2 За овој документ

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Уверете се дека инсталацијата, сервисирањето, одржувањето, поправката и употребените материјали ги следат упатствата од Daikin (вклучувајќи ги сите документи наведени во "Збирка на документи") и, како дополнение, се усогласени со применлива легислатива и се извршуваат само од квалификувани лица. Во Европа и областите каде се применуваат IEC стандарди, EN/IEC 60335-2-40 е применливиот стандард.

**ИНФОРМАЦИИ**

Уверете се дека корисникот има печатена документација и побарајте да ја чува за идна потреба.

**Целна група**

Овластени инсталатери

**ИНФОРМАЦИИ**

Овој уред е наменет да се користи од експерт или обучени корисници во продавници, во лесна индустрија и на фарми, или за комерцијална и употреба во домаќинство од лаици.

**Збирка документи**

Овој документ е дел од збирка документи. Целосната збирка се состои од:

- **Општи безбедносни предупредувања:**
  - Безбедносни упатства што МОРА да ги прочитате пред инсталирање
  - Формат: Хартија (во кутијата на внатрешната единица)
- **Упатство за инсталирање на внатрешна единица:**
  - Упатства за инсталација
  - Формат: Хартија (во кутијата на внатрешната единица)
- **Референтно упатство за инсталатер:**
  - Подготовка на инсталацијата, добри практики, референтни податоци,…
  - Формат: Дигитални датотеки на https://www.daikin.eu. Користете ја функцијата за пребарување за да го најдете вашиот модел.

Најнова ревизија на доставената документација е објавена на регионалната Daikin веб-страница и е достапна преку вашиот продавач.

Скенирајте го QR-кодот подолу за да ја најдете целата збирка документи и повеќе информации за вашиот производ на Daikin веб-страницата.

FVXM-C

CVXM-C

Оригиналните упатства се напишани на англиски јазик. Сите други јазици се преводи на оригиналните упатства.

**Технички инжењерски податоци**

- **Подзбир** на најновите технички податоци е достапен на регионалната Daikin веб-страница (достапно за јавноста).
- **Целиот сет** на најновите технички податоци е достапен на Daikin Library (потребна е автентикација).

# 2 Специфични безбедносни упатства за инсталатер

Секогаш придржувајте се на следните безбедносни упатства и прописи.

**ИНФОРМАЦИИ**

- Единици CVXM-C, FVXM-C содржат сензор за истекување разладно средство, важи посебно барање за единица со сензор за истекување на разладно средство.

**Инсталирање единица (видете "5 Инсталирање на единицата" [▶ 5])**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Инсталацијата треба да ја изврши инсталатер, изборот на материјали и инсталацијата треба да соодветствуваат со применливата легислатива. Во Европа, EN378 е применливиот стандард.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Апаратот треба да биде складиран како што следи:

- на таков начин да се спречи механичко оштетување;
- во просторија со добра вентилација без постојано функционални извори на палење (пример: отворен оган, апарат кој работи на гас или електрична греалка која работи);
- во просторија со димензии како што е наведено во "За одредување на минималната површина на подот" [▶ 5].

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Ако уредите содржат разладно средство R32, тогаш површината на подот на просторијата во која уредите се инсталирани, работат и се складирани мора да биде поголема од минималната површина на подот A (m²), за повеќе информации погледнете во "За одредување на минималната површина на подот" [▶ 5].

**ВНИМАНИЕ**

За ѕидови кои имаат метална рамка или метален раб, користете цевка вградена во ѕид и ѕидна облога на отворот за напојување, за да спречите можно загревање, струен удар или пожар.

**Инсталација на цевковод (видете "6 Инсталирање на цевковод" [▶ 10])**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

- Преземете мерки на претпазлилвост за да се избегне прекумерна вибрација или пулсирање врз цевководот со разладно средство.
- Заштитете ги сигурносните уреди, цевководот и опремата колку што е можно повеќе од неповолни влијанија на средината.
- Оставете простор за ширење и собирање на долги изведби на цевковод.
- Дизајнирајте и инсталирајте цевководот во системите за ладење така да ја минимизира веројатноста хидрауличен шок да го оштети системот.
- Монтирајте ја внатрешната опрема и цевките безбедно и заштитете ги за да избегнете случајно продупчување на опрема или цевки во случај на преместување мебел или активности на реконструкција.

**ВНИМАНИЕ**

Цевките и спојките на сплит системот ќе бидат направени со трајни спојки кога се внатре во зафатен простор со исклучок на спојки кои директно ги поврзуваат цевките со внатрешните единици.

**ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД ГОРЕЊЕ/ПАЛЕЊЕ**

**ВНИМАНИЕ**

- Непотполно изработен конус може да предизвика истекување на разладниот гас.
- НЕ користете ги повторно употребените конуси. Користете нови конуси да спречите истекување на разладен гас.
- Користете конусни навртки кои се вклучени со единицата. Користењето поинакви конусни навртки може да предизвика истекување на разладниот гас.

**Електрична инсталација (видете "7 Електрична инсталација" [▶ 11])**

**ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

СЕКОГАШ користете кабел со повеќе јадра за кабли за електрично напојување.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

- Секое вжичување МОРА да се изврши од овластен електричар и МОРА да соодветствува со националната регулатива за вжичување.
- Направете електрични поврзувања на фиксното вжичување.
- Сите компоненти набавени на местото и сите електрични конструкции МОРА да соодветствуваат со применливата легислатива.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

- Ако напојувањето нема или има погрешна N-фаза, опремата може да се расипе.
- Воспоставете правилно заземјување. НЕ заземјувајте ја единицата на комунална цевка, апсорбер на пренапони или телефонско заземјување. Нецелосното или неправилно заземјување може да предизвика електрични удари.
- Инсталирајте ги потребните осигурувачи или прекинувачи.
- Прицврстете ги електричните жици со кабелски врски, така што каблите НЕ доаѓаат во контакт со остри рабови или цевки, особено на страната со висок притисок.
- НЕ користете залепени жици, продолжни кабли или конекции од ѕвезден систем. Може да предизвикаат прегревање, електрични удари или пожар.
- НЕ инсталирајте кондензатор за напредување на фазата затоа што оваа единица е опремена со инвертор. Кондензатор за напредување на фазата ќе ги намали перформансите и може да предизвика несреќи.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

НЕ продолжувајте го снабдувањето со електрична енергија или кабелот за меѓусебно поврзување со користење на жичени конектори, стеги за поврзување жици, лепени жици, продолжни кабли.

Тие може да предизвикаат прегревање, струен удар или пожар.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Користете сеполен автоматски прекинувач со најмалку 3 mm зазор помеѓу контактните точки, што обезбедува целосно исклучување под преднапон од категорија III.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Ако кабелот за електрично напојување е оштетен, тој МОРА да се замени од производителот, негов сервисер или слично квалификувани лица за да се избегне опасност.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

НЕ поврзувајте го електричното напојување на внатрешната единицата. Тоа може да доведе до струен удар или пожар.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

- НЕ употребувајте локално купени електрични делови во производот.
- НЕ изведувајте електрично напојување од пумпата за одвод и сл. од терминалниот блок. Тоа може да доведе до струен удар или пожар.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Чувајте ги жиците за меѓусебно поврзување подалеку од бакарните цевки без термална изолација бидејќи таквите цевки ќе бидат многу жешки.

**ВНИМАНИЕ**


Кога го менувате сензорот за истеување на разладно средство R32, заменете го со сензор посечен од производителот (погледнете ја листата со резервни делови).

# 3 За кутијата

## 3.1 Внатрешна единица

### 3.1.1 Да ги извадите додатоците од внатрешната единица

**1** Отстранете ги додатоците кои се наоѓаат на дното на пакувањето. Резервна SSID лепенка се наоѓа на единицата.




**a** Упатство за инсталирање
**b** Упатство за работење
**c** Општи безбедносни предупредувања
**d** Плоча за монтирање
**e** Деодорирачки филтер од титаниум апатит
**f** Одводно црево
**g** Дел за изолација
**h** Безжичен далечински управувач (кориснички интерфејс)
**i** Држач за безжичен далечински управувач
**j** Сува батерија AAA.LR03 (алкална) за безжичен далечински управувач
**k** Резервна SSID лепенка (прикачена на единицата)
**l** Шрафови за прицврстување на одводно црево
**m** Шрафови со бела глава (за инсталирање на предната решетка)


- **Резервна SSID лепенка.** НЕ фрлајте ја резервната лепенка. Чувајте ја на безбедно место во случај да ви притреба во иднина (пр. во случај да ја смените предната решетка закачете ја на новата предна решетка).

# 4 За единицата

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: БЛАГО ЗАПАЛИВ МАТЕРИЈАЛ**

Разладното средство во единицата е слабо запаливо.

## 4.1 Приказ на систем




**a** Внатрешна единица
**b** Цевка за одвод
**c** Цевка за разладно средство (гас и течност)
**d** Надворешна единица

## 4.2 Опсег на работење

Користете го системот во следните опсези на температура и влажност за безбедно и ефикасно работење.

| CVXM | | |
|---|---|---|
| | **Ладење и сушење**[a][b] | **Греење**[a] |
| Надворешна температура | –10~46°C DB | –15~24°C DB |
| Внатрешна температура | 18~32°C DB<br>14~23°C WB | 10~30°C DB |
| Внатрешна влажност | ≤80%[b] | — |

[a] Безбедносниот уред може да го запре работењето на системот ако единицата работи надвор од својот опсег на работење.
[b] Кондензација и капење на вода може да настанат ако единицата работи надвор од својот опсег на работење.

| FVXM | | |
|---|---|---|
| | **Ладење и сушење**[a][b] | **Греење**[a] |
| Надворешна температура | –10~50°C DB | –20~24°C DB |
| Внатрешна температура | 18~32°C DB<br>14~23°C WB | 10~30°C DB |
| Внатрешна влажност | ≤80%[b] | — |

[a] Безбедносниот уред може да го запре работењето на системот ако единицата работи надвор од својот опсег на работење.
[b] Кондензација и капење на вода може да настанат ако единицата работи надвор од својот опсег на работење.

## 4.3 За безжичната ЛАН

За детални спецификации, упатства за инсталација, начини на поставување, ЧПП, изјава за сообразност и најновата верзија од овој прирачник, посетете app.daikineurope.com.

**ИНФОРМАЦИИ: Изјава за сообразност**

Daikin Industries Czech Republic s.r.o. изјавува дека типот на радио опрема во внатрешноста на оваа единица е во согласност со Директивата 2014/53/EU.

### 4.3.1 Предупредувања кога се користи безжичниот LAN

НЕ користете го во близина на:

- **Медицинска опрема.** Пр. лица што користат срцеви пејсмејкери или дефибрилатори. Овој производ може да предизвика електромагнетна интерференција.
- **Опрема за автоматска контрола.** Пр. автоматски врати или опрема за противпожарен аларм. Овој производ може да предизвика неправилно работење на опремата.
- **Микробранова печка.** Може да влијае на безжични LAN комуникации.

### 4.3.2 Основни параметри

| Која | Вредност |
|---|---|
| Фреквенциски опсег | 2400 MHz~2483,5 MHz |
| Радиопротокол | IEEE 802.11b/g/n |
| Канал на радиофреквенција | 13ch |
| Излезна моќност | 13 dBm |
| Ефективна изѕрачена моќност | 15 dBm (11b) / 14 dBm (11g) / 14 dBm (11n) |
| Снабдување со електрична енергија | DC 14 V / 100 mA |

# 5 Инсталирање на единицата

**ИНФОРМАЦИИ**

Ако не сте сигурни како да отворите или затворите делови од единицата (преден панел, кутија со електрично вжичување, предна решетка…) погледнете го референтното упатство за инсталатер за единицата за постапки на отворање и затворање. За локацијата на референтното упатство за инсталатер погледнете "1.2 За овој документ" [▸ 2].

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Инсталацијата треба да ја изврши инсталатер, изборот на материјали и инсталацијата треба да соодветствуваат со применливата легислатива. Во Европа, EN378 е применливиот стандард.

## 5.1 Подготовка на локацијата за инсталација

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Апаратот треба да биде складиран како што следи:


- на таков начин да се спречи механичко оштетување;
- во просторија со добра вентилација без постојано функционални извори на палење (пример: отворен оган, апарат кој работи на гас или електрична греалка која работи);
- во просторија со димензии како што е наведено во "За одредување на минималната површина на подот" [▸ 5].

### 5.1.1 Барања кои треба да ги исполни локацијата за инсталација на внатрешна единица

**ИНФОРМАЦИИ**

Нивото на звучен притисок е помало од 70 dBA.

- **Растојание.** Имајте ги на ум следниве барања:




**A** Поглед од напред
**B** Поглед од страна
**a** Ако полнењето со разладно средство е ≥1,843 kg, инсталирајте ја единицата ≤60 mm над подот.

- **Изолација на ѕид**. Кога условите во ѕидот надминуваат 30°C и релативна влажност од 80%, или кога свеж воздух се доведува во ѕидот, тогаш е потребна дополнителна изолација (минимум 10 mm дебела, полиетиленска пена).
- **Јачина на ѕид или под.** Проверете дали ѕидот или подот се доволно силни да ја издржат тежината на единицата. Ако постои ризик, зацврстете го ѕидот или подот пред да ја инсталирате единицата.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Ако уредите содржат разладно средство R32, тогаш површината на подот на просторијата во која уредите се инсталирани, работат и се складирани мора да биде поголема од минималната површина на подот A (m²), за повеќе информации погледнете во "За одредување на минималната површина на подот" [▸ 5].

### За одредување на минималната површина на подот


- Системот што користи разладно средство R32 е ограничен во однос на вкупното полнење со разладно средство и/или подрачјето на подот што се опслужува.
- За да се одреди вкупното полнење на разладно средство (**m**) во системот, погледнете го упатството за инсталирање на надворешна единица.

**Белешка:** Не е дозволено да се инсталира внатрешна единица во просторија со простор <$A_{min}$ (m²).

- Во зависност од вкупното полнење на разладно средство (**m**), минималната површина на под е (**$A_{min}$**).


**ИНФОРМАЦИИ**

- Вкупното полнење на разладно средство (**m**), ограничувањето на минималната површина на под е (**$A_{min}$**) зависи исто така од висината на просторијата (**H**) и ако единицата е инсталирана на **НАЈНИСКИОТ ПОДЗЕМЕН КАТ** или на кој било **ДРУГ КАТ**.
- Ако потребната точна вредност за вкупното полнење на разладно средство во системот (**m**) не е наведена подолу, користете ја најблиската повисока вредност.
- Ако висината на просторијата е >2,2 m користите вредности за 2,2 m.




**Какви било ДРУГИ КАТОВИ**


| m (kg) | $A_{min}$ ($m^2$) | | |
|---|---|---|---|
| | H=≥2,2 m | H=2,0 m | H=1,8 m |
| ≤1,842 | Без ограничувања | | |
| 1,843 | 3,64 | 4,00 | 4,45 |
| 1,9 | 3,75 | 4,13 | 4,58 |
| 2,0 | 3,95 | 4,34 | 4,83 |
| 2,1 | 4,15 | 4,56 | 5,07 |
| 2,2 | 4,34 | 4,78 | 5,31 |
| 2,3 | 4,54 | 4,99 | 5,55 |
| 2,4 | 4,74 | 5,21 | 5,79 |
| 2,5 | 4,94 | 5,43 | 6,03 |
| 2,6 | 5,13 | 5,65 | 6,27 |
| 2,7 | 5,33 | 5,86 | 6,51 |
| 2,8 | 5,53 | 6,08 | 6,76 |
| 2,9 | 5,73 | 6,30 | 7,00 |
| 3,0 | 5,92 | 6,51 | 7,24 |
| 3,1 | 6,12 | 6,73 | 7,48 |
| 3,2 | 6,32 | 6,95 | 7,72 |
| 3,3 | 6,51 | 7,17 | 7,96 |




**$A_{min}$** Минимална површина на под
**m** Вкупно полнење на разладно средство во системот
**H** Висина на просторијата

**НАЈНИСКО ПОДЗЕМНО НИВО**

| m (kg) | $A_{min}$ ($m^2$) | | |
|---|---|---|---|
| | H=≥2,2 m | H=2,0 m | H=1,8 m |
| ≤1,842 | Без ограничувања | | |
| 1,843 | 5,46 | 6,00 | 6,67 |
| 1,9 | 5,63 | 6,19 | 6,88 |
| 2,0 | 5,92 | 6,51 | 7,24 |
| 2,1 | 6,22 | 6,84 | 7,60 |
| 2,2 | 6,51 | 7,17 | 7,96 |
| 2,3 | 6,81 | 7,49 | 8,32 |
| 2,4 | 7,11 | 7,82 | 8,69 |
| 2,5 | 7,40 | 8,14 | 9,05 |
| 2,6 | 7,70 | 8,47 | 9,41 |
| 2,7 | 8,00 | 8,79 | 9,77 |
| 2,8 | 8,29 | 9,12 | 10,13 |
| 2,9 | 8,59 | 9,45 | 10,50 |
| 3,0 | 8,88 | 9,77 | 10,86 |
| 3,1 | 9,18 | 10,10 | 11,22 |
| 3,2 | 9,48 | 10,42 | 11,58 |
| 3,3 | 9,77 | 10,75 | 11,94 |




**$A_{min}$** Минимална површина на под
**m** Вкупно полнење на разладно средство во системот
**H** Висина на таван на просторија

**Пример:** Ако внатрешната единица е инсталирана во просторија со висина на таван од 2 m, лоцирана над нивото на тлото и вкупното полнење на разладно средство на поврзаниот систем е 2,3 kg, тогаш минималната површина на подот е 4,99 $m^2$.


**Пример:** Ако внатрешната единица е инсталирана во просторија со површина на под од 4,99 $m^2$, висина на таван 2 m, се наоѓа над нивото на тлото, може да инсталирате само систем со полнење на разладно средство ≤2,3 kg.

## 5.2 Монтирање на внатрешната единица

### 5.2.1 Да ја инсталирате внатрешната единица


**Опции за инсталација**

Има 3 можни типови на инсталација на внатрешната единица.




**A** Подна (изложена) инсталација
**B** Сидна (изложена) инсталација
**C** Полусокриена инсталација
**a** Плоча за монтирање
**b** Подна лајсна

### Подно-парапетна инсталација




5–1 Цртеж за инсталирање на внатрешна единица: Подно-парапетна инсталација


- **A** Поглед од напред
- **B** Поглед од страна
- **C** Поглед од горе
- **a** Отвор за шраф 6×
- **b** Локација на отвор за цевки лево-назад
- **c** Локација на отвор за цевки десно-назад
- **d** Локација на отвор за цевки лево/десно
- **e** Локација на отвор за цевки лево-долу
- **f** Локација на отвор за цевки десно-долу

1 Избушете отвор во ѕид, во зависност од која страна се вадат цевките. Видете "5.2.2 Да издупчите отвор во ѕид" [▸ 9].

2 Отворете го предниот панел и извадете ја предната решетка.


3 Извадете ги засечените делови со користење на клешти. Видете "5.2.3 Да ги извадите засечените делови" [▸ 9].

4 Зацврстете ја единицата на ѕидот и подот користејќи 6 M4×25L шрафа (се набавува на лице место).




5 Кога целосната инсталација е завршена, прикачете ги предниот панел и предната решетка во нивната првобитна положба.

### Инсталација монтирана на ѕид




5–2 Цртеж за инсталирање на внатрешна единица: Инсталација монтирана на ѕид


- **A** Поглед од напред
- **B** Поглед од страна
- **C** Поглед од горе
- **a** Плоча за монтирање
- **b** Отвор за шраф 4×
- **c** Под
- **d** Локација на отвор за цевки лево-назад
- **e** Локација на отвор за цевки десно-назад
- **f** Локација на отвор за цевки лево/десно
- **g** Локација на отвор за цевки лево-долу
- **h** Локација на отвор за цевки десно-долу

6 Привремено зацврстете ја плочата за монтирање на ѕидот.

7 Уверете се дека плочата за монтирање е рамна.

8 Означете ги центрите на точките за дупчење на ѕидот.

9 Зацврстете ја плочата за монтирање на ѕидот користејќи 5 M4×25L шрафа (се набавува на лице место).





10 Избушете отвор во ѕид, во зависност од која страна се вадат цевките. Видете "5.2.2 Да издупчите отвор во ѕид" [▸ 9].

11 Отворете го предниот панел и извадете ја предната решетка.

12 Извадете ги засечените делови со користење на клешти. Видете "5.2.3 Да ги извадите засечените делови" [▸ 9].


13 Ако е потребно за подната лајсна, извадете го засечениот дел на долната рамка.




**a** Долна рамка
**b** Засечен дел

**14** Израмнете ја единицата користејќи го симболот за порамнување на плочата за монтирање: 375 mm од симболот за порамнување од секоја страна (ширина на единицата 750 mm), 487 mm од симболот за порамнување на долниот дел на единицата.


**15** Закачете ја единицата на плочата за монтирање и прицврстете ја единицата на ѕидот користејќи 4 M4×25L шрафа (се набавува на лице место).




**a** Симбол за порамнување

**16** Кога целосната инсталација е завршена, прикачете ги предниот панел и предната решетка во нивната првобитна положба.

**Полусокриена инсталација**




5–3 Цртеж за инсталирање на внатрешна единица: Полусокриена инсталација

**A** Поглед од напред
**B** Поглед од страна
**C** Поглед од горе
**a** Плоча за дополнително полнење
**b** Отвор за шраф 6×
**c** Отвор
**d** Локација на отвор за цевки лево-назад
**e** Локација на отвор за цевки десно-назад
**f** Локација на отвор за цевки десно/лево
**g** Локација на отвор за цевки лево-долу
**h** Локација на отвор за цевки десно-долу

**17** Направете отвор во ѕидот како што е илустрирано погоре.


**18** Инсталирајте ја плочата за дополнително полнење (се набавува на лице место) во согласност со просторот помеѓу единицата и ѕидот. Уверете се дека нема празнина помеѓу единицата и ѕидот.

**19** Избушете отвор во ѕид, во зависност од која страна се вадат цевките. Видете "5.2.2 Да издупчите отвор во ѕид" [▶ 9].

**20** Извадете ги засечените делови со користење на клешти. Видете "5.2.3 Да ги извадите засечените делови" [▶ 9].

**21** Отворете го предниот панел, извадете ја предната решетка, извадете ги предните и страничните рамки од куќиштето.

**22** Зацврстете ја единицата на плочата за дополнително полнење и на подот користејќи 6 M4×25L шрафа (се набавува на лице место).




**23** Кога целосната инсталација е завршена, прикачете ги предниот панел и предната решетка во нивната првобитна положба.

### 5.2.2 Да издупчите отвор во ѕид

**ВНИМАНИЕ**

За ѕидови кои имаат метална рамка или метален раб, користете цевка вградена во ѕид и ѕидна облога на отворот за напојување, за да спречите можно загревање, струен удар или пожар.


**НАПОМЕНА**

Уверете се дека сте ги затвориле сите отвори околу цевките со материјал за запчивање (се набавува на лице место), за да се спречи истекување вода.

1 Издупчете отвор за напојување со големина 65 mm во ѕидот со закосеност надолу кон надвор.

2 Ставете ја цевката за вградување во ѕид во отворот.

3 Ставете ја ѕидната облога во ѕидната цевка.





**a** Цевка вградена во ѕид
**b** Кит
**c** Капак за отвор во ѕид

4 По завршувањето на вжичувањето, поставувањето на цевките за разладно средство и цевки за одвод, НЕ заборавајте да го затворите процепот со кит.


### 5.2.3 Да ги извадите засечените делови

За странично поврзување на цевки (лево/десно) и долно поврзување на цевки (лево/десно), засечените делови мора да се отстранат. Извадете ги засечените делови според местото на вадење на цевките.





**a** Долна рамка
**b** Засечен дел за странично поврзување на цевки на предната решетка (исто на другата страна)
**c** Засечен дел за странично поврзување на цевки на долната рамка (исто на другата страна)
**d** Засечен дел за долно поврзување на цевки

1 Отсечете го засечениот дел со користење на клешти.



2 Порамнете ги нерамнините по должината на пресекот со помош на иглична турпија со полукружен попречен пресек.




## 5.3 Поврзување на цевководот за одвод

### 5.3.1 Општи упатства

- **Должина на цевка.** Цевката за одвод нека биде што е можно пократка.
- **Големина на цевка.** Користете ригидна цевка од поливинил хлорид со 20 mm номинален дијаметар и 26 mm надворешен дијаметар.

**НАПОМЕНА**

- Инсталирајте го цревото за одвод со надолен наклон.
- НЕ се дозволени свиткувања.
- НЕ ставајте го крајот на цревото во вода.




- **Одводно црево.** Одводното црево (додаток) е долго 220 mm и со надворешен дијаметар од 18 mm на страната за поврзување.
- **Продолжеток на црево.** Користете ригидна цевка од поливинил хлорид (се набавува на лице место) со 20 mm номинален дијаметар како продолжеток на црево. Кога поврзувате продолжеток на црево, користете лепак на база на поливинил за лепење.
- **Кондензација.** Преземете мерки против кондензација. Изолирајте ги сите цевки за одвод во зградата.

### 5.3.2 Да го поврзете цевководот за одвод на внатрешната единица

**НАПОМЕНА**

Неправилно поврзување на цревото за одвод може да предизвика истекување и да го оштети просторот за инсталација и опкружувањето.

1 Навлечете го цревото за одвод (додаток) колку е можно повеќе врз одводниот канал и зацврстете го со 1 шраф (додаток).





**a** Сливник
**b** Одводен канал
**c** Црево за одвод (додаток)
**d** Шраф (додаток)

2 Проверете за истекувања на вода (видете "5.3.3 Да проверите за истекувања на вода" [▸ 10]).

3 Изолирајте го внатрешниот одводен канал и одводното црево со ≥10 mm изолирачки материјал да спречи кондензација.

4 Поврзете го цевководот за одвод на одводното црево. Ставете го цревото за одвод ≥50 mm, за да не се извлекува од цевката за одвод.





**a** Црево за одвод (додаток)
**b** Цевка за одвод од винил хлорид (VP-30) (се набавува на лице место)
**c** Редуктор (се набавува на лице место)
**d** Цевка за одвод од винил хлорид (VP-20) (се набавува на лице место)

### 5.3.3 Да проверите за истекувања на вода

1 Извадете ги филтрите за воздух.

2 Постепено истурајте околу 1 l вода во сливникот и проверете дали некаде има истекување вода.



# 6 Инсталирање на цевковод

## 6.1 Подготвување цевковод за разладно средство

### 6.1.1 Барања за цевковод за разладно средство

**ВНИМАНИЕ**

Цевководот со разладно средство МОРА да е инсталиран според упатствата дадени во "6 Инсталирање на цевковод" [▸ 10]. Може да се користат само механички спојки (пр. залемени + конусни врски) кои се во сообразност со најновата верзија на ISO14903.

**ВНИМАНИЕ**

Цевките и спојките на сплит системот ќе бидат направени со трајни спојки кога се внатре во зафатен простор со исклучок на спојки кои директно ги поврзуваат цевките со внатрешните единици.

**НАПОМЕНА**

Цевководот и другите делови под притисок треба да бидат соодветни за разладното средство. Користете бакар без споеви деоксидиран со фосфорна киселина за цевковод за разладно средство.

- Туѓите материјали внатре во цевките (вклучувајќи масла за производство) мора да се ≤30 mg/10 m.

#### Дијаметар на цевковод за разладно средство

Користете ги истите дијаметри како поврзувањата на надворешните единици:

| Класа | Надворешен дијаметар на цевка (mm) | |
|---|---|---|
| | Цевковод за течност | Цевковод за гас |
| 20~35 | Ø6,35 | Ø9,52 |
| 50 | Ø6,35 | Ø12,7 |

#### Материјал на цевковод за разладно средство


**Материјал на цевките**

Бакар без споеви деоксидиран со фосфорна киселина

**Конусни поврзувања**

Користете само кален материјал.

**Степен на темперирање и дебелина на цевки**

| Надворешен дијаметар (Ø) | Степен на темперирање | Дебелина (t)[a] | |
|---|---|---|---|
| 6,35 mm (1/4") | Калено (O) | ≥0,8 mm |  |
| 9,52 mm (3/8") | | | |
| 12,7 mm (1/2") | | | |




[a] Во зависност од применливата легислатива и максималниот работен притисок на единицата (видете "PS High" на плочката со име на единицата), може да е потребна поголема дебелина на цевки.

### 6.1.2 Изолација на цевките со разладно средство

- Користете полиетиленска пена како изолациски материјал:
  - со стапка на пренос на топлина помеѓу 0,041 и 0,052 W/mK (0,035 и 0,045 kcal/mh°C)
  - со отпорност на топлина од најмалку 120°C
- Дебелина на изолација:

| Надворешен дијаметар на цевка ($Ø_p$) | Внатрешен дијаметар на изолација ($Ø_i$) | Дебелина на изолација (t) |
|---|---|---|
| 6,35 mm (1/4") | 8~10 mm | ≥10 mm |
| 9,52 mm (3/8") | 10~14 mm | ≥13 mm |
| 12,7 mm (1/2") | 14~16 mm | ≥13 mm |




Ако температурата е повисока од 30°C и влажноста е повисока од RH 80%, дебелината на изолациските материјали треба да е најмалку 20 mm за да се спречи кондензација на површината на изолацијата.

## 6.2 Поврзување на цевководот со разладно средство

**ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД ГОРЕЊЕ/ПАЛЕЊЕ**

### 6.2.1 Да го поврзете цевководот за разладно средство со внатрешната единица


A2L **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: БЛАГО ЗАПАЛИВ МАТЕРИЈАЛ**

Разладното средство во единицата е слабо запаливо.

- **Должина на цевка**. Цевките за разладно средство нека бидат што е можно пократки.

1 Поврзете ги цевките за разладно средство со единицата со користење **конусни поврзувања**.

2 **Изолирајте** го цевководот за разладно средство на внатрешната единица како што следи:





**a** Цевка за гас
**b** Изолација на цевката за гас
**c** Цевка за течност
**d** Изолација на цевка за течност

**НАПОМЕНА**

Уверете се дека сте ги изолирале сите цевки за разладно средство. Која било изложена цевка може да предизвика кондензација.

3 Затворете го засекот на поврзувањето на цевката за разладно средство и прицврстете го со леплива лента (се набавува на лице место). Уверете се дека нема процепи.

4 Завиткајте го засекот и крајот на изолацијата на поврзаната цевка за разладно средство со дел за изолација (додаток). Уверете се дека нема процепи.




**a** Поврзување на цевковод за разладно средство
**b** Цевковод за разладно средство (се набавува на лице место)
**c** Засек
**d** Лента
**e** Дел за изолација (додаток)

5 Проверете ги споевите на цевките за разладно средство за истекувања по полнење разладно средство.

**ВНИМАНИЕ**

Споевите за разладното средство направени при инсталација внатре треба да се тестираат за затегнатост. Начинот на тестирање треба да има чувствителност од 5 грама годишно за разладното средство или подобро под притисок од најмалку 0,25 пати од максималниот дозволен притисок. Не смее да биде откриено истекување.

# 7 Електрична инсталација

**ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

СЕКОГАШ користете кабел со повеќе јадра за кабли за електрично напојување.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Користете сеполен автоматски прекинувач со најмалку 3 mm зазор помеѓу контактните точки, што обезбедува целосно исклучување под преднапон од категорија III.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Ако кабелот за електрично напојување е оштетен, тој МОРА да се замени од производителот, негов сервисер или слично квалификувани лица за да се избегне опасност.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

НЕ поврзувајте го електричното напојување на внатрешната единицата. Тоа може да доведе до струен удар или пожар.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

- НЕ употребувајте локално купени електрични делови во производот.
- НЕ изведувајте електрично напојување од пумпата за одвод и сл. од терминалниот блок. Тоа може да доведе до струен удар или пожар.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Чувајте ги жиците за меѓусебно поврзување подалеку од бакарните цевки без термална изолација бидејќи таквите цевки ќе бидат многу жешки.

## 7.1 Спецификации на компоненти за стандардно вжичување

**НАПОМЕНА**

Препорачуваме користење цврсти жици. Ако се користат испреплетени жици, малку насукајте ги жичките за да го консолидирате крајот на спроводникот или за директно користење во стегата на терминалот или ставање во округол порабен терминал. Детали се опишани во "Упатство кога се поврзува електрично вжичување" во референтното упатство за инсталатерот.

| Компонента | | |
|---|---|---|
| Кабел за меѓусебно поврзување (внатре↔надвор) | Напон | 220~240 V |
| | Големини на жица | Користете само усогласена жица која обезбедува двојна изолација и е соодветна за применливиот напон<br>4-јадрен кабел<br>Минимум 1,5 mm² |
| Уред за диференцијална струја / Автоматски прекинувач за заземјување | Заштитна склопка за прекинување, која соодветствува со националната регулатива за вжичување, мора да се инсталира во линијата за довод на електрична струја.<br>СЕКОГАШ инсталирајте заштитна склопка за прекинување со непосредно дејство, освен ако не е дефинирано поинаку со националната регулатива за вжичување. | |

## 7.2 Да го поврзете електричното вжичување со внатрешната единица

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

НЕ продолжувајте го снабдувањето со електрична енергија или кабелот за меѓусебно поврзување со користење на жичени конектори, стеги за поврзување жици, лепени жици, продолжни кабли.

Тие може да предизвикаат прегревање, струен удар или пожар.


Електричарските работи треба да се извршат во согласност со упатството за инсталирање и националните правила за електрично вжичување или работниот норматив.

1 Отворете го терминалниот блок.

2 Оголете ги краевите на жицата околу 15 mm.

3 Усогласете ги боите на жиците со броевите на терминалите на терминалните блокови на внатрешните и надворешните единици и цврсто затегнете ги жиците на одговарачките терминали.

4 Поврзете ги жиците за заземјување со соодветните терминали.





**a** Терминален блок
**b** Блок на електрична компонента
**c** Стега за кабел

5 Повлечете ги жиците за да се уверите дека се безбедно закачени, потоа опфатете ги жиците со стегата за кабел.

6 Уверете се дека жиците не доаѓаат во контакт со металните делови на разменувачот на топлина.

7 Во случај на поврзување на опционален адаптер, видете "7.3 Да поврзете опционални додатоци (жичен кориснички интерфејс, централен кориснички интерфејс, безжичен адаптер и сл.)" [▸ 12].





## 7.3 Да поврзете опционални додатоци (жичен кориснички интерфејс, централен кориснички интерфејс, безжичен адаптер и сл.)

1 Извадете го капакот на кутијата со електрично вжичување.

2 Поврзете ја жицата за опционалниот адаптер на S21 конектор. За да ја поврзете жицата на опционален адаптер на опцијата, погледнете го упатството за инсталирање на опционален адаптер.

3 Водете ја жицата како што е прикажано на сликата подолу.





**a** S21конектор
**b** Жица на опционален адаптер

4 Затворете го капакот на кутијата со електрично вжичување.

# 8 Завршување на инсталирањето на внатрешната единица

## 8.1 Да го завршите инсталирањето на внатрешната единица

1 Откако сте завршиле со одводниот цевковод, цевководот за разладно средство и електричното вжичување. Завиткајте ги цевките за разладно средство и кабелот за меѓусебно поврзување со изолациска лента. Преклопете барем половина од ширината на лентата при секое намотување.




| | |
|---|---|
| **a** | Кабел за меѓусебно поврзување |
| **b** | Цевка за гас |
| **c** | Изолација на цевката за гас |
| **d** | Изолациска лента |
| **e** | Цевка за течност |
| **f** | Изолација на цевка за течност |

**2** Вметнете ги цевките низ отворот во ѕидот и затворете ги процепите со кит.

# 9 Конфигурација

**ИНФОРМАЦИИ**

Во случај да се поставени 2 внатрешни единици во 1 просторија, поставете различни адреси за 2 кориснички интерфејси. За постапката погледнете го референтното упатство за инсталатер, за локација видете "1.2 За овој документ" [▶ 2].

## 9.1 Контакт за Вклучување/ Исклучување

Оваа функција бара купување и инсталација на опцијата KER303A.

За опис на функцијата, нејзината намена и како работи, погледнете го упатството за работење, поглавје контакт за Вклучување/Исклучување.

**ИНФОРМАЦИИ**

Типот на контакт и времето на одложување се поставени во услужното мени.

- Тип контакт: нормално отворен (NO), нормално затворен (NC) - фабричко поставување
- Време на одложување: 0- фабричко поставување, 1, 2, 3, 5 минути

**Пример: нормално затворено (NC)**

Кога контактот е затворен (прозорецот затворен, картичката внатре), единицата работи нормално.

Кога контактот се отвора (прозорецот отворен, картичката надвор), започнува тајмерот за одложување. Единицата запира по поставеното време на одложување.

**Препорачуваме поставување време на одложување за да се спречи континуирано префрлање помеѓу две состојби.**

**ИНФОРМАЦИИ**

Откако ќе помине избраното време на одложување (0, 1, 2, 3, 5 минути), единицата запира и преминува во подготвеност.

Кога статусот на контакт укажува на отворен прозорец:

- Наредбата ON/OFF (ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО) од далечинскиот управувач или апликацијата ONECTA е оневозможена.
- Другите поставки како поставена температура, режим, или брзина на вентилатор, сè уште може да се сменат, но тие ќе се активираат само откако единицата ќе се рестартира.

**Белешка:** Daikin препорачува користење на тип на контакт **нормално затворен (NC)**. Ова спречува единицата да работи кога контактот е неисправен.

**Поставување Активација/Рестартирање**

Режимот на рестартирање одредува како работи единицата откако прозорецот повторно е затворен.

**Рачно рестартирање**

Единицата не рестартира автоматски.

Операцијата мора да се рестартира рачно со користење на **далечинскиот управувач** или апликацијата ONECTA.

**Автоматско рестартирање**


Единицата рестартира автоматски во последниот работен режим откако е затворен прозорецот.

### 9.1.1 Да поставите Контакт за Вклучување/ Исклучување

**1** Притиснете Temp и Mode за да влезете во сервисниот режим.

**Резултат:** Се појавува поставката мени SC 001.

**2** Користете Temp за да се движите во менито SC до Co (поставка за контакт за Вклучување/Исклучување).




**3** Притиснете Mode за да влезете во поставување.


**Резултат:** A ( поставката за активирање ) трепка.

**4** Притиснете Mode за да влезете во поставувањето.

**Резултат:** 0 трепка.

**5** Користете Temp за да изберете тип на активација: 0 оневозможено, 1 овозможено рачно, 2 овозможено автоматско рестартирање.

**6** Притиснете Mode за да се потврди поставување.




**7** Притиснете Cancel за да се вратите во менито за поставување.

**8** Користете Temp за да се движите до поставување тип на контакт "n".


**Резултат:** n трепка.

**9** Притиснете Mode за да влезете во поставувањето.

**Резултат:** 0 трепка.

**10** Користете Temp за да изберете тип на контакт: 0 Нормално затворен, 1 нормално отворен.

**11** Притиснете Mode за да се потврди поставување.




**12** Притиснете Cancel за да се вратите во менито за поставување.

**13** Користете Temp да изберете поставување време на одложување "d".


**Резултат:** d трепка.

**14** Притиснете Mode за да влезете во поставување време на одложување.

**Резултат:** 0 трепка.

**15** Користете Temp за да го изберете времето на одложување: 0 = 0 min, 1 = 1 min, 2 = 2 min….

**16** Притиснете Mode за да го потврдите времето на одложување.




# 10 Пуштање во погон

**НАПОМЕНА**

**Општа листа за проверка при пуштање во погон.** Веднаш до упатствата за пуштање во погон во ова поглавје, исто така е достапна општа листа за проверка при пуштање во погон на Daikin Library (потребна е автентикација).

Општата листа за проверка при пуштање во погон е комплементарна со упатствата во ова поглавје и може да се користи како водич и образец за известување при пуштање во погон и предавањето на корисникот.

**НАПОМЕНА**

СЕКОГАШ работете со единицата со термистори и/или сензори/прекинувачи за притисок. Доколку НЕ работите така, може да дојде до палење на компресорот.

## 10.1 Да извршите пробно вклучување

**Предуслов:** Снабдувањето со електрична енергија МОРА да биде во наведениот опсег.

**Предуслов:** Пробното вклучување може да се изврши во режим на ладење или греење.

**Предуслов:** Пробното вклучување треба да се изврши во согласност со упатството за работење на внатрешната единица да се осигура дека сите функции и делови работат правилно.

**1** Во режим на ладење, изберете ја најниската програмабилна температура. Во режим на греење, изберете ја највисоката програмабилна температура. Пробното вклучување може да се оневозможи ако е потребно.

**2** Кога пробното вклучување ќе заврши, поставете ја температурата на нормално ниво. Во режим на ладење: 26~28°C, во режим на греење: 20~24°C.

**3** Системот запира со работење 3 минути откако единицата е ИСКЛУЧЕНА.

### 10.1.1 Да извршите пробно вклучување со користење на безжичниот далечински управувач

**1** Притиснете ⏻ да го вклучите системот.

**2** Притиснете ја средината на Temp и Mode истовремено.

**3** Два пати притиснете Temp да изберете 🔧 и да го потврдите изборот со притискање Mode.

**Резултат:** 🔧 на екранот укажува дека е избрано пробно вклучување. Операцијата пробно вклучување ќе запре автоматски по околу 30 минути.

**4** За да запре операцијата порано, притиснете го копчето за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ.

# 11 Фрлање

**НАПОМЕНА**

НЕ обидувајте се самите да го расклопите системот: расклопувањето на системот, третирањето на разладното средство, маслото и другите делови МОРА да соодветствува со применливата легислатива. Единиците МОРА да бидат третирани во специјализиран капацитет за третирање за повторно користење, рециклирање и поправка.

# 12 Технички податоци

- **Подзбир** на најновите технички податоци е достапен на регионалната Daikin веб-страница (достапно за јавноста).
- **Целиот сет** на најновите технички податоци е достапен на Daikin Library (потребна е автентикација).

## 12.1 Дијаграм за вжичување

| Презентирање на вжичувањето во белешките на дијаграмот | |
|---|---|
| **На дијаграм за вжичување** | **Превод** |
| Caution: When the main power is turned OFF and then back on again, operation will resume automatically. | Внимание: Кога електричното напојување е ИСКЛУЧЕНО, а потоа повторно вклучено, работењето автоматски ќе продолжи. |
| Notice: (*) Applicable for units with refrigerant leakage sensor only. | Напомена: (*) Применливо само за единици со сензор за истекување на разладно средство. |

### 12.1.1 Легенда за унифициран дијаграм за вжичување

За применетите делови и броеви, погледнете го дијаграмот за вжичување на единицата. Бројот на дел е со арапски броеви по растечки редослед за секој дел и е претставен во прегледот подолу со "*" во шифрата на делот.

| Симбол | Значење | Симбол | Значење |
|---|---|---|---|
| | Прекинувач на коло | | Заштитно заземјување |
| | | | Бесшумно заземјување |
| | | | Заштитно заземјување (шраф) |
| | Поврзување | Ⓐ | Исправувач |
| | Конектор | | Конектор на релеј |
| | Заземјување | | Конектор за краток спој |
| | Теренско вжичување | | Терминал |
| | Осигурувач | | Терминална лента |
| INDOOR | Внатрешна единица | ○ ● | Стега за жица |
| OUTDOOR | Надворешна единица | | Грејач |

| Симбол | Значење | Симбол | Значење |
|---|---|---|---|
|  | Уред за диференцијална струја | | |

| Симбол | Боја | Симбол | Боја |
|---|---|---|---|
| BLK | Црна | ORG | Портокалова |
| BLU | Сина | PNK | Розова |
| BRN | Кафеава | PRP, PPL | Пурпурна |
| GRN | Зелена | RED | Црвена |
| GRY | Сива | WHT | Бела |
| SKY BLU | Небесно сино | YLW | Жолта |

| Симбол | Значење |
|---|---|
| A*P | Печатена плоча |
| BS* | Копче за притискање ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО, прекинувач за работење |
| BZ, H*O | Зујалка |
| C* | Кондензатор |
| AC*, CN*, E*, HA*, HE*, HL*, HN*, HR*, MR*_A, MR*_B, S*, U, V, W, X*A, K*R_*, NE | Поврзување, конектор |
| D*, V*D | Диода |
| DB* | Диоден мост |
| DS* | DIP прекинувач |
| E*H | Грејач |
| FU*, F*U, (за карактеристики, погледнете ја печатената плоча во внатрешноста на вашата единица) | Осигурувач |
| FG* | Конектор (заземјување на рамка) |
| H* | Ремен |
| H*P, LED*, V*L | Пилот ламбичка, светлечка диода |
| HAP | Светлечка диода (сервисен монитор зелен) |
| HIGH VOLTAGE | Висок напон |
| IES | Сензор Интелигентно око |
| IPM* | Модул Интелигентно напојување |
| K*R, KCR, KFR, KHuR, K*M | Магнетен релеј |
| L | Под напон |
| L* | Калем |
| L*R | Реактор |
| M* | Чекорен мотор |
| M*C | Мотор на компресор |
| M*F | Мотор на вентилатор |
| M*P | Мотор на одводна пумпа |
| M*S | Осцилирачки мотор |
| MR*, MRCW*, MRM*, MRN* | Магнетен релеј |
| N | Неутрално |
| NE | Бесшумно заземјување |
| n=*, N=* | Број на поминувања низ феритно јадро |
| PAM | Пулсно-амплитудна модулација |
| PCB* | Печатена плоча |
| PM* | Модул за напојување |
| PS | Прекинувачки извор за напојување |
| PTC* | PTC термистор |

| Симбол | Значење |
|---|---|
| Q* | Биполарен транзистор со изолирана порта (IGBT) |
| Q*C | Прекинувач на коло |
| Q*DI, KLM | Автоматски прекинувач за заземјување |
| Q*L | Заштита од преоптоварување |
| Q*M | Термо прекинувач |
| Q*R | Уред за диференцијална струја |
| R* | Отпорник |
| R*T | Термистор |
| RC | Приемник |
| S*C | Прекинувач за ограничување |
| S*L | Пловечки прекинувач |
| S*NG | Детектор за истекување на разладно средство |
| S*NPH | Сензор за притисок (висок) |
| S*NPL | Сензор за притисок (низок) |
| S*PH, HPS* | Прекинувач за притисок (висок) |
| S*PL | Прекинувач за притисок (низок) |
| S*T | Термостат |
| S*RH | Сензор за влажност |
| S*W, SW* | Прекинувач за работење |
| SA*, F1S | Пренапонска заштита |
| SR*, WLU | Приемник на сигнал |
| SS* | Прекинувач за избор |
| SHEET METAL | Плочка за фиксирање терминална лента |
| T*R | Трансформатор |
| TC, TRC | Предавател |
| V*, R*V | Варистор |
| V*R | Диоден мост, биполарен транзистор со изолирана порта (IGBT) модул за напојување |
| WRC | Безжичен далечински управувач |
| X* | Терминал |
| X*M | Терминална лента (блок) |
| Y*E | Калем на електронски експанзионен вентил |
| Y*R, Y*S | Калем на повратен соленоиден вентил |
| Z*C | Феритно јадро |
| ZF, Z*F | Филтер против бучава |

Copyright 2026 Daikin

**DAIKIN INDUSTRIES CZECH REPUBLIC s.r.o.**
U Nové Hospody 1155/1, 301 00 Plzeň Skvrňany, Czech Republic

**DAIKIN EUROPE N.V.**
Zandvoordestraat 300, B-8400 Oostende, Belgium

3P847290-7 2026.06